# КОНКУРС ЗА НАЈДОБРИ НОВИНАРСКИ СТОРИИ

**Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)** објавува конкурс за најдобри новинарски стории поврзани со известувањето за пандемијата на коронавирусот (КОВИД-19), предизвиците и последиците од неа.

Јавниот повик е отворен за сите професионални новинари и редакции кои објавиле свои стории во медиумите во Македонија во периодот од **1 јануари 2020 година до 31 мај 2020 година.**

Пријавените содржини треба да ги исполнуваат критериумите за автентична и аналитична новинарска работа од поширок јавен интерес, која ги задоволува етичките стандарди во новинарството, преку демонстрирање силна определба на авторот за доследна и темелна разработка на темата.

Авторите на најдобрите стории ќе добијат парични награди во износ од:

- **прво место** - 500 американски долари (во денарска противвредност)
- **второ место** - 400 американски долари
- **трето место** - 300 американски долари

Изработената содржина може да биде во каква било новинарската форма или жанр (текст, прилог, документарец, репортажа, интервју...).

Сторијата може да биде пријавена од самите новинари и медиуми или од поединци, институции и граѓански здруженија.

Бројот на сториите со кои што може да учествува еден автор или редакција е ограничен на три.

**Конкурсот е отворен до 31 мај 2020 година.**

Апликациите може да се испраќаат по пат на:

електронска пошта на **konkurs@semm.mk**, потребно е да се наведе линк до новинарската содржина и истата да се прикачи како додаток во е-пошта (pdf документ).

Најдобрите стории ќе ги одбере жири составено од реномирани и релевантни претставници на професијата.

Наградите за најдобри стории поврзани со известувањето за пандемијата на коронавирусот (КОВИД-19), предизвиците и последиците од неа, Советот за етика на медумите во Македонија (СЕММ) ги доделува за да ги поттикне новинарите во професионална и етичка обработка на темите од јавен интерес, на начин со кој на јавноста ѝ се овозможува да биде соодветно информирана и да ги преземе неопходните мерки за заштита и однесување за време на кризата.

Повеќе информации за конкурсот може да се добијат на телефонскиот број **02/3222-595** или на е-маил **konkurs@semm.mk**.

Оваа активност се организира во рамки на проектот финансиран од ЕУ и УНЕСКО *„Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа и Турција – Фаза 2“*.

UNESCO
United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

Communication and
Information Sector

European
Commission